ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

***РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТСКИ ФОРУМ***

# З А П И С Н И К
**од втората форумска сесија**
**17.11.2023, Општина Крива Паланка**
**почеток во 12:00 часот**

**Вовед:**

**Втората форумска сесија на буџетскиот форум во заедницата во Општина Крива Паланка се одржа во ООУ Јоаким Крчовски (атриум сала во Партизан), во периодот од 12:00 до 15:00 часот. На втората форумска сесија присуствуваа 50 граѓани на Општина Крива Паланка во следниот состав:**

| ВКУПНО: | Жени: | Мажи: |
|---|---|---|
| 57 | 35 | 22 |

**Програма на сесијата**(точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

**ДНЕВЕН РЕД**

| | **I дел** |
|---|---|
| 12:00-12:20 | Добредојде, дневен ред и цели на втората форумска сесија<br>-Усвојување на дневниот ред<br>-Усвојување на записникот од првата форумска сесија<br>-Утврдување и потврдување на структурата на форумот |
| 12:20-12:30 | Презентација на структурата на буџетот на општина Крива Паланка и проекција на приходите за 2024 година<br>-дискусија |
| 12:30-12:45 | Презентација на процесот на буџетирање |
| 12:45-13:00 | Пауза |
| | |
| 13:00-14:00 | Презентација на расходи по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2024 година<br>-презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 14:00-14:15 | Пауза |
| 14:15-14:45 | Презентација на расходи по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2024 година<br>-презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>-родова анализа на предлозите |
| 14:45-15:00 | Утврдување на следни чекори, инструкции за работната група за расходите, информација за термин за 3 форумска сесија и оценка на форумската сесија |

**Записник од сесијата:**

## Т.1. Добредојде, дневен ред и цели на втората форумска сесија

На почетокот на втората форумска сесија, модераторот Лидија Митовска им посака добредојде на присутните учесници, повторувајќи го накратко значењето за одржувањето на „Родово одговорен буџетски форум“. Таа потсети дека целта е да се изготви буџет во консултација со граѓаните, кои со своите предлози и приоритети можат да влијаат во буџетската структура на распределба на средствата во општината. Митовска ја истакна улогата на граѓаните во спроведувањето на буџетскиот процес и партиципативната подготовка на буџетот и можноста што ја имаат граѓаните во процесот на распределбата на буџетските средства во општината за 2024 година. Притоа, посочи дека нивните размислувања и дискусии треба да бидат насочени кон реалните финансиски можности на општината за реализација на приоритетни проекти, а не исклучиво од нивните желби, потреби и проблеми, колку и да се тие од приоритетен карактер.

## Т.1.1 Утврдување на дневниот ред за работа

Модерторот го презентираше дневниот ред и целите на втората форумска сесија, појаснувајќи дека на втората сесија ќе биде презентирана структурата на буџетот на општина Крива Паланка и проекција на приходите за 2024 година, како и дел од буџетските програми што ќе бидат предмет на дискусија на форумската сесија.

Потоа дневниот ред за работа од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот.

### Т.1.2 . Усвојување на записникот од прва форумска сесија

Модераторот Митовска потсети на работата на првата форумска сесија. Потоа ги повика присутните да го разгледаат записникот, кој беше поделен по работните маси од страна на членовите на ОГ и да дадат свои забелешки по истиот, доколку ги имаат.

Модераторот Митовска отвори расправа по записникот од првата форумска сесија, немаше пријавено никој за дискусија.

Потоа записникот од првата форумска сесија, од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот

### Т.1.3 Утврдување и потврдување на структурата на форумот – распределување по работни маси

По објаснувањето од страна на модераторот за структурата на форумот по работни маси и концептот за работа на форумските сесии, следеше распределба на граѓаните по работни маси.

По презентацијата, присутните граѓани одлучија да ги формираат следниве работни маси:

1. работна маса – Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – 8 членови
2. работна маса –Јавни дејности - 9 членови
3. работна маса – Комунални дејности – 7 членови
4. работна маса – Култура - 10 членови

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

5. работна маса – Економски развој - 8 членови
6. работна маса – Општинска администрација – 7 членови
7. работна маса – Оперативна група – 7+1 членови

**Т.1.4. Презентација и усвојување на правилата за работа на форумот**

Модераторот Лидија Митовска ги објасни начелата и правилата за работа на форумот.

Потоа правилата за работа беа ставени на гласање и едногласно усвоени од страна на форумот.

**Т.2. Презентација на структурата на буџетот на Општина Крива Паланка и проекција на приходите за 2024 година. –презентер Димитар Петровски**

***Структура на буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**
Приходите во <u>основниот буџет</u> на Општина Крива Паланка за 2023 год. изнесуваат **203.509.000 денари**.
Расходите на Општина Крива Паланка (со 1 Ребаланс ) за 2023 година се планирани на износ од **523.454.019 денари**.
***Проектираните приходите во <u>основниот буџет</u> на Општина Крива Паланка за 2024 година.**
Максималниот износ на сопствени приходи на Основниот буџет е планиран на **116.823.449 денари**

**Т.3. Презентација на процесот на буџетирање**

*Буџет на општината е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува:
**-Основниот буџет** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на општината.
-**Буџет на дотации** годишен план на приходи од дотации и одобрени средства кои се користат за финансирање на надлежностите на општината, за финансирање конкретни намени, надлежност, програми и инвестициони проекти.
**-Буџет на самофинансирачки активности** е годишен план на приходи од активности на буџетските корисници кои се дополнителни на основните активности дефинирани со закон и на одобрените средства.
**-Буџет на донации** годишен план на приходи од донации и одобрени средства кои се користат строго наменски и согласно со договорот склучен со донаторот.

***Буџетот на општината** се однесува за период од една фискална година и започнува на 1 јануари и трае до 31 декември.
*__Буџетот на општината се состои од општ и посебен__
**<u>Општиот дел содржи:</u>**
-Консолидиран биланс на приходи и расходи
-Функционална класификација на расходи
-Биланс на тековно оперативни приходи и расходи
-Биланс на капитални приходи и расходи
**<u>Посебниот дел опфаќа:</u>**
-Буџетски – тековно – оперативни програми

-Буџетски капитални програми

***Постапката за изготвување, донесување и извршување на буџетот на општината претставува буџетски процес.**

**Буџетскиот процес** се заснова на следните начела:
Транспарентност, одговорност, законитост, економичност, ефикасност и Ефективност.

***Учесници во буџетскиот процес:**

**-Внатрешни** (Градоначалникот, Советот на општината, раководителите на одделенија и на единките корисници);
**-Надворешни** (граѓаните, НВО, бизнис заедницата)

**Буџетски приходи**

**Приходите на буџетот на локалната самоуправа се обезбедуваат од:**
-Сопствени извори;
-Дотации од средствата од буџетот на Република Северна Македонија и од буџетските фондови;
-Донации примени од земјата и од странство.

**Буџетски расходи**

**Расходите на буџетот на локалната самоуправа се состојат од:**
-Тековни трошоци (плати и надоместоци, трошоци за набавка на стоки и услуги, тековни трансфери и каматни плаќања)
-Капитални трошоци (купување на капитални средства и капитални трансфери)

**Приходи од сопствени извори**

Локални даноци; Локални такси; Локални надоместоци; Приходи од сопственост; Приходи од донации; Приходи од парични казни; Приходи кои се остваруваат од персонален данок од доход и Приходи од самопридонес.

## Т.4. Презентација на Расходи по годишните оперативни родово одговорни буџетски програми на општината за 2024 година

Презентацијата на планирани расходи по буџетски програми ги презентираше раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска и Антонио Давитовски – Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ.

На втората форумска сесија беа презентирани вкупно седум буџетски програми, во кои беше даден опис за сите ставки и подставки на програмата за 2024 година, како и проектираната вредност за секоја од нив.

Од страна на Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска беа презентирани три програми: **Програма за уредување на сообраќајна сигнализација, Програма за животна средина, Програма за изработка на урбанистички планови во** општина Крива Паланка за 2024 година. Додека Антонио Давитковски – Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ, презентираше четири програми: **Програма за спорт, Програма за образование, Програма за млади** и **Програма за социјална, детска и здравствена заштита** за 2024 година во општина Крива Паланка.

**Т.4.1 Презентација на Расходи по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација во општина Крива Паланка за 2024 година**

Презентација на расходите по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација во општина Крива Паланка за 2024 година презентираше Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска.
По презентацијата на расходите по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација во општина Крива Паланка за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не се јави за збор.

Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**Предлози по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација во општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2024 на подрачјето на општина Крива Паланка. презентери по работни маси од граѓаните дадени на втората формуска сесија** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Поставување светлосна сигнализација на критични места ( музеј, Шанин мост, кај Карчо и др). | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Ирена Белешковска |
| 2. Подобра регулација на сообраќајот кај клучката “Балкан” (да не се паркираат автомобили на почетокот на улица 8ми Октомври).<br>3.Маалските улици да бидат обележани со испрекината линија со место за паркирање само од едната страна. | Јавни дејности – Михаела Јанковска |
| 4. Поголема сообраќајна сигнализација кај “Карчо” .<br>5.Поголема безбедност за пешаците со поставување на сообраќајна сигнализација. | Комунални дејности- Мери Стојановска |
| 6. Ја подржува во целост програмата на општина Крива Паланка. | Култура- Мира Георѓиевска |
| 7.Проект за еднонасочен сообраќај на потег Соларски мост-НЛБ- хотел Турист. | Економски развој – Јорданчо Миневски |
| 8.Ги поддржува веќе дадените предлози. | Општинска администрација – Бранко Велиновски |

## Т.4.2 Презентација на Расходи по Програмата за животна средина

Презентација на расходите по Програмата за животна средина презентираше Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска.

По презентацијата на расходите по Програмата за Програмата за животна средина за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не побара збор.

## Предлози по Програмата за животна средина во општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:

| Предлози по Програмата за животна средина во општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на втората форумска сесија | Работна маса и презентер |
|---|---|
| 1.Едукација за селекција на отпад.<br>2.Санкции. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Ирена Белешковска |
| 3.Комуналните инспектори почесто и ригорозно да ја вршат својата работа.<br>4.Субвенции за секое домаќинство кое се грее на дрва, за купување на клима уред.<br>5.Да се дислоцира депонијата.<br>6.Да се работи на преземање електричен отпад и негово рециклирање од страна на компании овластени за таа дејност. | Јавни дејности – Михаела Јанковска |
| 7.Поставување на дигитални модули кај системите за наводнување. | Комунални дејности – Мери Стојановска |
| 8.Дислокација на депонијата од с. Конопница.<br>9.Дислокација на контејнерите од пред ЛУГМ.<br>10.Хортикултурно уредување на просторот околу Кадиска чешма. | Култура – Ѓорги Костовски |
| 11.Промена на концептот во собирање на отпад во централното градско подрачје.<br>12.Наместо контејнери да се субвенционира канти за домакинства. | Економски развој – Јорданчо Миневски |
| 13. Ги поддржува веќе дадените предлози. | Општинска администрација –Бранко Велиновски |

**Т.4.3 Презентација на Расходи по Програмата за изработка на урбанистички планови**

Презентација на расходите по Програмата за изработка на урбанистички планови презентираше Раководителот на Сектор за Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и комунални дејности - Маја Костадиновска. По презентацијата на расходите по Програмата за изработка на урбанистички планови за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не побара збор.

**<u>Предлози по Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по програмата за изработка на урбанистички планови во општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на втората форумска сесија** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Локација за нова стамбена зграда за домување.<br>2.Плацови за градба-куќа за млади.<br>3.Тораничка зграда-решение. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Ирена Белешковска |
| 4.Изградба на двонасочна улица кон гимназија со цел да се растерети сообраќајот.<br>5.Реконструкција и уредување на паркчето кај Replay-cafe.<br>6.Проширување на паркингот кај гимназија.<br>7.Реконструкција на градскиот базен и пренамена во модерен затворен базен. | Јавни дејности – Михаела Јанковска |
| 8.Салата позади мотел Македонија да се стави во функција на затворен базен. | Комунални дејности– Мери Стојановска |
| 9.Дали постои ДУП за манастирскиот АН и мотел Македонија?<br>10.Ако нема предлог да се изработи. | Култура–Мартин Додевски |
| 11.Проектирање на нови стамбени комплекси. | Економски развој – Јорданчо Миневски |
| 12. Ги поддржува веќе дадените предлози. | Општинска администрација |

**Т.4.4 <u>Презентација на Расходи по Програма за активностите на општина Крива Паланка во областа на спортот за 2024 година</u>**

Презентација на Расходи по Програма за активностите на општина Крива Паланка во областа на спортот за 2024 година презентираше Раководителот на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ-Антонио Давитковски. По презентацијата на расходите по Програма за активностите на општина Крива Паланка во областа на спортот за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не се јави за збор.

Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**<u>Предлози по Програмата за активностите во општина Крива Паланка во областа на спортот за 2024 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по Програма за активностите во општина Крива Паланка во областа на спортот за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на втората форумска сесија** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Пристапност за лица со попреченост во спортската сала<br>2.Паркет во салата.<br>3.Греење во салата.<br>4.Трибини-стадион. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Ирена Белешковска |
| 5.Поставување на греење во спортската сала “Бранители 2001”.<br>6.Поставување на отворени теретани на повеќе локации (8ми Октомври, населба Илинден, Баглак, Лозаново).<br>7.Реконструкција на игралиштето на Калин Камен.<br>8.Реконструкција на просторијата за спортисти кај спортски стадион. | Јавни дејности – Михаела Јанковска |
| 9.Ослободување од партиципација на децата до 12 години кои тренираат спорт во училишните сали. | Комунални дејности –Мери Стојановска |
| 10.Покренување иницијатива за формирање на клуб Сениори во ПИНГ ПОНГ. | Култура– Сузана Стоилковска |
| 11.Греење во спортската сала.<br>12.Кампања СИТЕ НА СПОРТ<br>13.Активирање на градски базен. | Економски развој – Јорданчо Миневски |
| 14.Загревање на спортската сала<br>15.Искористување на спорските потенцијали, не само спортска инфраструктура. | Општинска администрација – Димитар Петровски |

**Т.4.5. <u>Презентација на Расходи по Програма за активностите на општина Крива Паланка во областа на образование за 2024 година</u>**

Презентација на Расходи по Програма за активностите на општина Крива Паланка во областа на образование за 2024 година презентираше Раководителот на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ-Антонио Давитковски. По презентацијата на расходите по Програма за активностите на општина Крива Паланка во областа на образование за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не се јави за збор.

Модераторот ги повика присутните да се јават за дискусија, но немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**Предлози по Програмата за активностите во општина Крива Паланка во областа на образованието за 2024 година и презентери по работни маси:**

| Предлози по Програма за активностите во општина Крива Паланка во областа на образование за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на втората форумска сесија | Работна маса и презентер |
|---|---|
| 1.Еднократна парична помош и за полуматурантите од социјално ранливи категории.<br>2.Игралиште за учениците со посебни потреби. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Наташа Колевска |
| 3. Кантина во СОУ Ѓорче Петров.<br>4.Опремување простории за организирање практична настава за новововедените предмети.<br>5.Стипендирање на учениците со одличен успех.<br>6.Воведување на бесплатно осигурување на децата до 18 години.<br>7.Еднократна парична помош за учениците кои се запишуваат во прва година. | Јавни дејности – Михаела Јанковска |
| 8.Поддршка на студенти кои немаат услови да студираат на некои од државните универзитети. | Комунални дејности –Мери Стојановска |
| 9.Субвенционирање на ученици од социјален ризик за матурски екскурзии. | Култура– Сузана Стоилковска |
| 10.Поддршка за програмата за образование на општината. | Економски развој – Јорданчо Миневски |
| 11.Обуки за наставниот кадар и учениците за врсничко насилство, дискриминација... | Општинска администрација – Димитар Петровски |

**Т.4.6. <u>Презентација на Расходи по Програма за млади на општина Крива Паланка за 2024 година</u>**

Презентација на Расходи по Програма за млади на општина Крива Паланка за 2024 година презентираше Раководителот на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ-Антонио Давитковски. По презентацијата на расходите по Програма за млади на општина Крива Паланка за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не се јави за збор.

**Предлози по Програмата за млади на општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по Програма за млади на општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на втората форумска сесија** | **Работна маса и презентер** |
| --- | --- |
| 1.Програма за волонтерство-да врати во општеството. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Сашка Пешовска |
| 2.Поддршка за акцискиот план на општината. | Јавни дејности – Михаела Јанковска |
| 3.Приоритет на предлогот за полагање на возачкиот испит од Б-категорија. | Комунални дејности –Мери Стојановска |
| 4.Субвенционирање -превоз на ученици и студенти, -компјутерска опрема, -инструменти на млади музички таленти.<br>5.Отворање Младински Културен Центар-изградба на соодветен простор (објект) за МКЦ.<br>6.Организирање младински фестивал. | Култура– Ѓорги Костовски |
| 7.Да се даде акцент на формирање на младински центар-да биде приоритет.<br>. | Економски развој – Јорданчо Миневски |
| | Општинска администрација – |

По презентацијата на расходите по Програмата за млади на општина Крива Паланка за 2024 година беше отворена дискусија за збор се јави:

-Сашка Пешовска од работната маса урбанизам, сообраќај и животна средина и истакна дека е против субвенционирањето за возачки испит за млади (не е во ред да се субвенционира возачки испит).

Т.4.7. **Презентација на Расходи по Програма за социјална детска и здравствена заштита на општина Крива Паланка за 2024 година**

Презентација на Расходи по Програма за социјална, детска и здравствена заштита на општина Крива Паланка за 2024 година презентираше Раководителот на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ-Антонио Давитковски. По презентацијата на расходите по Програма за социјална, детска и здравствена заштита на општина Крива Паланка за 2024 година беше отворена дискусија на која никој не се јави за збор.

**Предлози по Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по Програма за социјална, детска и здравствена заштита на општина Крива Паланка за 2024 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на втората форумска сесија** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Поддршка на програмата на Општината. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Ирена Белешковска |
| 2.Иницијатива – да се признае неплатениот стаж на работниците од поранешните работни организации. | Јавни дејности – Михаела Јанковска |
| 3.Поддршка на целата програма на општина Крива Паланка за 2024 година. | Комунални дејности –Мери Стојановска |
| 4.За социјално тешки ранливи категории на граѓани и семејства програма за вработување или сезонска работа-ангажирање.<br>5.Субвенционирање на комунални сметки на граѓаните со минимални примања. | Култура– Мартин Додевски |
| 6.Субвенции за деца од ранливи категории за училишни екскурзии.<br>. | Економски развој – Јорданчо Миневски |
| 7.Инклузивно-сензорно игралиште за лица со посебни потреби. | Општинска администрација – Димитар Петровски |

По презентацијата, од страна на модераторот беше отворена дискусија по стратешките развојни приоритети на општината.

## Т.5. Договор за следна работилница и форумска сесија и затворање на сесијата

Модераторот Лидија Митовска им се заблагодари на присутните за бројното учество на втората форумска сесија и ги покани граѓаните да учествуваат и на третата форумска сесија, закажана за **24.11.2023 год.(петок** ).

**Оперативна група:**

1. **Мартин Николовски – координатор**
2. **Лилјана Стојановска - член**
3. **Анкица Јаќимовска– член**
4. **Гордана Ристовска - член**
5. **Даниела Милошевска – член**
6. **Виктор Петровски – член**
7. **Емил Додевски – член**

**Завршен параграф:**
Втората форумска сесија заврши во 15:00 часот.

**Записникот го подготви:**
**Анкица Јаќимовска**

**Модератор на форумот**
**Лидија Митовска**

**Координатор на форумот**
**Секретар на Општина Крива Паланка**
**Мартин Николовски**